ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2021 07 3/2

Скопје, мај 2022

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 13 |
| **Финансиски извештаи за 2020 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 14 |
| Биланс на состојба | 15 |
| Преглед на промени на извори на капитални средства | 16 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 17 - 18 |
| Сметководствени политики | 19 - 21 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 21 - 28 |

**Прилог бр.1**

Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Одговор на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

РСМ - Република Северна Македонија

МТСП - Министерство за труд и социјална политика

ТППЕ - Територијална противпожарна единица

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 16-839/8
Датум: 19.05.2022

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Пробиштип, сметка на основен буџет (637), за 2020 година.

Со извршената ревизија, изразивме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија за 2011 година и издаден е Конечен извештај за ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Пробиштип, сметка на основен буџет (637), во кој е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Во февруари 2013 година, извршена е проверка на имплементацијата на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2011 година на сметката на основен буџет (637) на Општина Пробиштип, при што е констатирано дека дадените седум препораки се спроведени.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Општина Пробиштип, сметка на основен буџет (637), за 2020 година констатирани се одредени состојби меѓу кои позначајни се:

- неправилности при пресметка и исплата на плати на вработените кои не се административни службеници, на надоместоци за време на боледување и неправилна пресметка и исплата на надоместоците на советниците;
- за изградба на општинските патишта кои спаѓаат во втора категорија на градби не е обезбедено одобрение за градење и општината како инвеститор, градежните активности ги изведува врз основа на техничка спецификација/премер пресметка/ која се користи при доделување на договор за јавна набавка, изработена од страна на вработените во општинската администрација;

- неправилна примена на основицата за пресметка на амортизација и ревалоризација на материјалните средства за 2020 година;
- пописот на средствата и обврските за 2020 година не е целосно и правилно спроведен и
- не се води материјална евиденција за материјалите и резервни делови за уличното осветлување.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи.

Во делот на прашања за неизвесност и континуитет истакнуваме состојби за извршени корекции во билансот на состојба и за не ненавремено сервисирање на обврските по долгорочна позајмица добиена од Буџетот на РСМ, кои со камата изнесуваат 2.686 илјади денари.

Од страна на градоначалникот на Општина Пробиштип доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, за сметката на основен буџет (637), истите се разгледани и е констатирано дека една забелешка делумно се прифаќа поради допрецизирање, а една забелешка претставува известување за причината поради која е настаната утврдената состојба.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 13 до 15 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Пробиштип, сметка на основен буџет (637), за 2020 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на изворите на капиталните средства за 2020 година применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2011 година и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Пробиштип, сметка на основен буџет (637) во кој е изразено мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Драган Анастасов, градоначалник од 19.10.2017 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени

утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени

извесни корекции од страна на општината, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 13.12.2021 до 01.03.2022 година, кај Општина Пробиштип, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија за 2011 година и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Пробиштип, сметка на основен буџет (637), во кој е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Во февруари 2013 година, извршена е проверка на имплементацијата на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2011 година на сметката на основен буџет (637) на Општина Пробиштип, при што е констатирано дека дадените седум препораки се спроведени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и одговорно лице на субјектот-предмет на ревизија на ден 01.03.2022 година.
На ден 28.04.2022 година, од градоначалникот на Општина Пробиштип добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Пробиштип број 08-471/2 од 21.04.2022 година, за сметката на основен буџет (637), заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-839/6 од 28.04.2022 година. Забелешките се однесуваат на точката 4.1.3. и 4.2.3.

Истите се разгледани и е констатирано дека забелешката на точката 4.1.3. делумно се прифаќа поради допрецизирање, а забелешката на точката 4.2.3 претставува известување за причината поради која е настаната утврдената состојба.

Констатирани се следните состојби:

## 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Основната плата, дел од платата за работна успешност и додатоци на плата на вработените во општинската администрација кои не се административни службеници се уредени со Правилник[1] донесен во 2005 година, кој заклучно со 2019 година повеќе пати е менуван и дополнуван.

Со извршената анализа на Правилникот, а имајќи ги во предвид одредбите од Законот за работните односи[2], во делот со кој се уредува системот на основна плата, додатоци и надоместоци на плата, ги утврдивме следните состојби:

- со донесениот Правилник утврдено е дека "најниската плата изнесува 65% од просечната месечна нето плата по работник објавена од страна на МТСП за одделот 75- Јавна управа за 2016 година и истата ќе се усогласува согласно процентуално зголемување на вредноста на бодот на административните службеници", што не е во согласност со одредбите на член 106 и член 107 од Законот за работните односи со кој се уредени основната плата, работната успешност, додатоците и минималната плата. Напоменуваме дека со последните законски прописи, надлежен орган за објавување на наведените податоци кои се однесуваат на просечна исплатена месечна нето-плата по вработен е Државен завод за статистика. Имајќи ја во предвид примената на горенаведениот Правилник, констатиравме дека и договорите за вработување и решенијата за исплата на плата на помошно техничките лица не содржат критериуми за пресметување на платата на вработените и
- во Одлуката за извршување на буџетот на општината за 2020 година не е утврдена основицата за пресметување на основна плата на помошно технички лица што би претставувало добра пракса и соодветен критериум за пресметка на платите.

Не соодветна примена на законските одредби со кои се уредува правото на плата има за ефект исплата на средства кои не се во согласност со законските прописи. Наведените состојби не даваат уверување за објективноста при определување на основната плата, додатоци и надоместоци на плата за оваа категорија вработени за кои се исплатени средства во бруто износ од 2.385 илјади денари.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината да преземе активности за:

- исплата на плата на помошно технички лица согласно законските прописи, односно правото на плата да го сочинуваат основна плата, дел за работна

[1] Правилник за определување на плата на вработените во општинската администрација на Општина Пробиштип кои не се државни службеници број 08-328/8 од 06.10.2005; број 317/6 од 03.05.2010; 08-317/7 од 01.09.2010; број 08-780/1 од 06.06.2013 и број 04-81/1 од 17.01.2019 година.

[2] Службен весник на РМ" број 62/05........120/18 и „Службен весник на РСМ" број 110/19, 90/20 и 267/20

успешност и додатоци, при што основната плата ќе се определи исклучиво врз основа на барањата на работното место (фиксно утврдени бодови за секое работно место одделно согласно степенот на сложеност), како и измена на правилникот во однос на утврдување на системот на основна плата;

- склучување на анекс договор со помошно техничките лица и утврдување на одредби во истиот, усогласени со позитивните законски прописи и
- во одлуката за извршување на буџетот за соодветната година да се утврди соодветна основица за пресметување на бодот на помошно технички лица.

4.1.2. Врз основа на извршеното снимање и проверка на функционирањето на процесот на исплата на плати и надоместоци на плати во општината, ги констатиравме следниве состојби:

- при пресметување на правото на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест, основица за пресметување на надоместокот на плата не претставува просечниот месечен износ на исплатената плата на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување во последните дванаесет месеци пред настанувањето на случајот, туку вредноста на часот за тековниот месец, што не е во согласност со член 16 од Законот за здравствено осигурување;
- за прекувремена работа, ноќна работа и работа на државен празник за вработените во ТППЕ не е доставено писмено известување до подрачниот државен инспекторат што е спротивно на член 117, 127 и 148 од Законот за работните односи.

Горенаведените состојби упатуваат на несоодветна примена на законските прописи со кои се регулира правата од работниот однос како и правото на надоместок поради привремена спреченост за работа поради болест што има влијание на точноста и законитоста на извршените исплати на плата и надоместоци на плата.

Препорака:

Градоначалникот на општината да ги преземе следниве активности:

- при пресметување на правото на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест да се земе просечниот месечен износ на исплатената плата на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување во последните дванаесет месеци пред настанувањето на случајот и
- редовно и навремено да се известува подрачниот државен инспектор за труд за прекувремена работа, ноќна работа и државен празник.

4.1.3. Надоместоците на членовите на советите на општините се уредени со одредбите на членовите 29-б, 29-в и 29-г од Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на РСМ и другите избрани и именувани лица во

Републиката.[3] Во 2020 година исплатата на надоместоците на членовите на советот на Општина Пробиштип се врши согласно Одлука[4] донесена во 2010 година.

Одлуката содржи одредба со која се уредува дека "месечниот надоместок се намалува по 10% за секое неоправдано отсуство од седница на комисија" што не е во согласност со член 29-г став 2 од Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на РСМ и другите избрани и именувани лица во Републиката, со кој е уредено дека месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот.

Утврдениот надоместок на членовите на советот при отсуство од седница, што не е пропишан со законските одредби има за ефект несоодветно исплатени средства и зголемни расходи во буџетот на општината.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината да преземе активности за:

- усогласување на Одлуката за определување на надоместокот на членовите на Советот на Општина Пробиштип за присуство на седници согласно важечките законски прописи и
- враќање на повеќе исплатени средства на членовите на Советот во случај на отсуство од седница.

4.1.4. Советот на Општина Пробиштип донел Програма за изграба и одржување на општински патишта и улици за 2020 година во која се наведени локациите на кои ќе се изведуваат активности, изворот и висината на потребните средства. Со ревизија на документацијата за изведување на градежни работи кои се предвидени со Програмата, а се однесуваат на изградба на улици во населени места во општината, за кои се платени 9.361 илјада денари, утврдивме:

- за изградба на општинските патишта кои согласно член 57 став 2 од Законот за градење спаѓаат во втора категорија на градби не е обезбедено одобрение за градење пред започнување на работите, што не е во согласност со член 56 од Законот.
- општината како инвеститор, градежните активности ги изведува врз основа на техничка спецификација/премер пресметка, која се користи при доделување на договор за јавна набавка, изработена од страна на вработените во општинската администрација, што не е во согласност со член

[3]Службен весник на РМ" бр. 36/90, Испр. 44/90, Испр. 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18, 233/18, Одредбите од Законот за платите на членовите на Судскиот Совет на Република Македонија 139/09, Одредбите од Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на Република Македонија 139/09.

[4] Одлука за определување на надоместокот на членовите на Советот на Општина Пробиштип за присуство на седници со број 07-489/4 од 30.04.2010 година

13 став 2 и член 15 од Законот за градење, каде е уредено дека „...инвеститорот е должен проектирањето.... за изградбата на градби, да го даде на правни лица кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот, односно се регистрирани во Централниот регистар на РСМ за вршење на соодветна дејности и поседуваат лиценца за проектирање.“. Истакнуваме дека во јануари 2020 година, по спроведена јавна набавка општината склучила договор со економски оператор за изработка на проектна документација и во точка 6 од техничката спецификација договорени се цени за изработка на проектна документација за улици и патишта. Договорот е во вредност од 3.540 илјади денари и истиот во 2020 година е реализиран во износ од 793 илјади денари, односно 22%. Проектите изработени од економскиот оператор не се однесуваат на горенаведените изведени градежни активности.



Општински пат

Необезбедените документи потребни за градбите во кои инвеститор е општината го оневозможува нивното правилно евидентирање во јавната книга на недвижности, а изведувањето на градежните работи врз основа на техничка спецификација/премер пресметка изработена од лица кои не ги исполнуваат условите пропишани со закон влијае врз правилното планирање на потребните средства за нивна изведба.

**Препорака:**

Одговорните лица на општината, да преземат мерки и активности за:

- пред започнување на активноста за изградба на објекти во кои инвеститор е општината, да се обезбеди одобрение за градба и
- планирањето на градбите и нивната изведба да е врз основа на проект изработен од правни лица кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за градење.

## 4.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.2.1. Состојбата на материјалните средства (градежни објекти и опрема) во Билансот на состојба на ден 31.12.2020 година е искажана во вкупен износ од 236.829 илјади денари.

Со увид во начинот на пресметка на амортизацијата и ревалоризација за 2020 година, утврдивме дека основицата за пресметка на амортизација и ревалоризација евидентирана во книгата на основни средства, не соодветствува со набавната вредност искажана во сметководствена евиденција. Основицата за пресметка на градежните објекти е поголема за 87.452 илјади денари, а основицата за опремата е помала за 78.318 илјади денари, во однос на набавната вредност, состојба која се провлекува од минати години.

Ваквото постапување не е во согласност со одредбите од членовите 19 и 20 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и членовите 19, 20 и 28 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект неправилна пресметка на амортизација и ревалоризација на материјалните средства и не дава уверување за објективноста при утврдување на сегашната вредност на материјалните средства.

**Препорака:**

Одговорните лица да преземат мерки и активности за усогласување на основицата за пресметка на амортизација и ревалоризација со набавната вредност на материјалните средства искажана во сметководствена евиденција.

4.2.2. Со ревизија на документацијата од пописот на средствата и обврските на Општина Пробиштип за 2020 година, ги утврдивме следниве состојби:

- во пописните листи на средствата, од страна на пописната комисија се наведени податоци за фактичката состојба утврдена со пописот (називите на средствата и количината) без да се внесат податоци за сметководствената евиденција, за да се утврдат евентуалните разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба, што не е во согласност со член 31-а од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
- не е извршен попис на материјални средства во подготовка кои во сметководството се искажани во износ од 23.729 илјада денари, со цел утврдување на фактичката состојба на овие средства и усогласување на истата со состојбите искажани во сметководствената евиденција, што не е во согласност со член 29 став 2 од наведениот Правилник и
- Комисијата за попис не го утврдила правниот основ за постоење на обврските и старосната структура на истите, не потврдила дека преземените обврски се

уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција и не ги утврдила причините за неплатените обврски спрема добавувачите, што не е во согласност со член 31-в од Правилникот.

Нецелосното извршување на пописот на средствата и обврските и не извршеното усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, согласно позитивните законски и подзаконски прописи, влијае на реалноста и објективноста на искажаните состојби во Билансот на состојба на 31.12.2020 година.

Препорака:

Одговорните лица да преземат мерки и активности за спроведување на пописот на средствата и обврските на начин регулиран со позитивните законски и подзаконски прописи и согласно Упатството на градоначалникот за вршење на пописот.

4.2.3. Во Општина Пробиштип не е воспоставена материјална евиденција за примените и издадените материјали и резервни делови за одржување на улично осветлување, кое е во надлежност на општината. Приемот и издавањето на материјалите и резервните делови за уличното осветлување, го врши магационерот со издавање на приемници за примените, односно издатници за потрошените количини.

Не воспоставената материјална евиденција за приемот и издавањето на материјалите и резервните делови не дава можност за финансиско задолжување и раздолжување на магацинот, како што е уредено со членовите 4, 6 и 7 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба оневозможува следење на промените на потрошените количини во текот на годината, ниту пак дава можност за усогласување и контрола на магацинското работење.

Препорака:

Градоначалникот и надлежните од општината да преземат активности за воведување на материјална евиденција преку која ќе се има увид на извршениот прием, издавање и состојба на материјалите и резервните делови.

### Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.1. и 4.2. се однесуваат на неправилности при пресметката и исплатата на плати на вработените кои не се административни службеници, на надоместоци за време на боледување и неправилна пресметка и исплата на надоместоците на советниците, изградба на општинските патишта без одобрение за градење, изведување на градежни активности по техничка спецификација-премер пресметка изработена од страна на вработените во општинската администрација,

неправилна примена на основицата за пресметка на амортизација и ревалоризација на материјалните средства, неправилности во вршењето на пописот на средствата и обврските, невоспоставена материјална евиденција за материјалите и резервните делови на општината.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Пробиштип на ден 31 декември 2020 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Пробиштип за 2020 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Во текот на ревизијата од страна на надлежните од Општина Пробиштип прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија и со налог за книжење број 0113 од 31.12.2021 година извршено е намалување на сметките Опрема и Државен јавен капитал, односно извршено е намалување на двапати евидентиран износ од 70 илјади денари.

6.2. Општина Пробиштип, согласно Одлуки[5] на Влада на РСМ година има добиено позајмица од Буџетот на РСМ во износ од 4.000 илјади денари. Со Одлука бр. 44-435/1 од 06.02.2018 година, со која се изменуваат претходно донесените одлуки, утврдено е средствата одобрени како долгорочна позајмица, општината да ги врати во три ануитети од по 1.333 илјади денари, од кој првиот до 12.04.2019 и последниот до 12.04.2021 година.
Општината не ги исплаќа навремено доспеаните ануитети, односно првиот ануитет кој требал да се плати во април 2019 е платен во 2020 година и останат е долг од 2.667 илјади денари. Поради ненавремено сервисирање на обврската,

[5] Одлука на Влада на РМ бр. 51-2605/1 од 12.04.2011, бр. 42-4822/1 од 26.05.2015 и бр. 42-1851/1 од 15.03.2016

Министертвото за финансии до општината доставило Ургенција за измирување на обврски[6] во која на општината и се дава рок до 29.12.2021 година да го измири долгот по дадената позајмица кој со камата изнесува 2.686 илјади денари.

Истакнуваме дека до март 2022 година, општината не го исплатила овој долг, на кој согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, се пресметува камата во висина од 2% на годишно ниво на ненаплатени ануитети до конечна исплата.

[6] бр. 09-11328/1 од 20.12.2021 година

ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Сметка на основен буџет (637)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 92.002 | 161.560 |
| **Вкупно приходи** | | **92.002** | **161.560** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 24.774 | 23.972 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 0 | 15 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 25.172 | 32.862 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 432 | 168 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 5.340 | 46.676 |
| Социјални бенефиции | 3.2.6. | 555 | 495 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **56.273** | **104.188** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 18.734 | 54.549 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **18.734** | **54.549** |
| | | | |
| **Отплата на главнина** | 3.4. | **16.995** | **2.823** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **92.002** | **161.560** |

ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Сметка на основен буџет (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 72.727 | 62.680 |
| Залихи | 4.1.2. | 358 | 274 |
| **Вкупно тековни средства** | | **73.085** | **62.954** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 10.893 | 10.611 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 236.829 | 225.251 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 23.729 | 4.847 |
| **Вкупно постојани средства** | | **271.451** | **240.709** |
| **Вкупна актива** | | **344.536** | **303.663** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 46.578 | 36.346 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 3.913 | 104 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 5 | 183 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 2.624 | 2.282 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 23.729 | 4.847 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **76.849** | **43.762** |
| **Долгорочни обврски** | 4.4. | **19.607** | **23.764** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 231.592 | 228.883 |
| Ревалоризациона резерва | 4.5.2. | 16.488 | 7.254 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **248.080** | **236.137** |
| **Вкупна пасива** | | **344.536** | **303.663** |

ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Сметка на основен буџет (637)

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Ревалори зациона резерва | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2020 година | 228.609 | 7.254 | 274 | 236.137 |
| Зголемување по основ на: | 43.566 | 9.234 | 616 | 53.416 |
| Набавки | 32.634 | | 616 | 33.250 |
| Корекција на ревалоризација од 2019 | 10.650 | | | 10.650 |
| Усогласување по попис | 89 | | | 89 |
| Ревалоризација на земјиште | 193 | | | 193 |
| Ревалоризација на градежни објекти и опрема | | 9.234 | | |
| Намалување по основ на: | 40.940 | | 533 | 41.473 |
| Отпис на капитални средства | | | | - |
| Потрошени материјали, резервни делови, ситен инвентар | | | 533 | 533 |
| Амортизација | 40.940 | | | 40.940 |
| Состојба 31.12.2020 година | 231.235 | 16.488 | 357 | 248.080 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-471/2
21.04.2022 год.
ПРОБИШТИП

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*ул.Јаким Стојковски бр 1*
*Тел: 032 48 31 31; факс: 032 48 30 47*
***www.probistip.gov.mk***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP
Примено / Pranuar më: 28.04.2022
Орг. Един. / Nj. org. | Број / Nr. | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera
16-839/6

До
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Ул„Павел Шатев„ бр.2
Палата „Емануел Чучков„
1000 СКОПЈЕ

**Предмет:**Доставување на забелешки по Нацрт извештаите на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Општина Пробиштип

Почитувани,

На ден 08.04.2022 година ги добивме Вашите нацрт извештаите за сметките на основниот буџет(630),основен буџет(637), сметка на приходи на буџет на дотации (930) и сметка на приходи на буџет на дотации (937) заведени под број 16-839/5 од 05.04.2022 година.Ние внимателно ги разгледавме и по однос на наодите го истакнуваме следново:
Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усагласеност за 2020 за сметката на расходи на **буџет на дотации (937)** и сметка на приходи на **буџетот на дотации (930)** се во потполност прифакат.

По основ на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усагласеност за 2020 за сметката на **основен буџет (637)** имаме забелешка само по наодот под точка **4.1.3.** кој се однесува за исплатата на надоместокот на советниците во Советот на Општината. Имено кај Вас стои дека надоместокот се исплака согласно Одлука бр.07-489/4 од 30.04.2010 година и дека во одлуката стои дека „ месечниот надоместок се намалува за 10% за секое неоправдано отсуство од седница„ а не како што е во законот 30%. Во прилог ке Ви ја доставиме одлуката од која се гледа дека во член 4 стои дека месичниот надоместок се намалува за 10% во случај на неоправдано присуство од седница на Комисија при советот,а дека за отсуство од седница на Совет се намалува за 30% месечниот надоместок согласно законската регулатива. Ваква одлука за намалување на месечниот надоместок за неприсуство на комисија се има донесено заради постојаното немање на кворум на комисиите и со цел да се избегнат ваквите ситуации се има донесено одлука и за намалување на месечниот надоместок и за неоправдано присуство на комисија при Советот.Затоа сметаме дека овој наод не е основан и треба да се повлече.
Во врска со овој наод Раководителот на финансиски прашања го истакнува само случајот со еден советник за седница бр. 34/2020 одржана на ден 16.03.2020 година

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*ул.Јаким Стојковски бр 1*
*Тел:* ***032 48 31 31****; факс:* ***032 48 30 47***

***www.probistip.gov.mk***

кога и е исплатен месечен надоместок која е била отсутна заради почнување на пандемијата Ковид 19 а сеуште небило воведено он-лајн учество и немало процедури за постапка во вакви случаеви бидејки беше на почеток на пандемијата и се сметало дека е оправдано отсутна и дека за тоа треба да и се исплати надоместок што го има одобрено Претседателот на Советот на оптината ,а и е одбиено 10% за неприсуство на комисија.

Исто така сакаме да Ве известеме за наодот **4.2.3.** кој се однесува за воспоставената евиденција за примање и издавање на резервните делови за уличното осветлување од магацин,дека се согласуваме дека треба да се води во сметководството ,мегутоа кога се воведуваше водење на материјална евиденција заради недостаток на кадар во финансии се одлучи да се воде во Одделението за комунали ,улици и локални патишта и тоа лицето кое е одговорно за потпишување на налозите за работа на двајцата вработени кои се грижат за одржување на уличното осветлување и истовремено и тие го должат магацинот.Ваква одлука се има донесено со цел лицето кое го издава налогот за работа да може во секое време да има увид во расположливите резервни делови и да врше навреме набавки на потребните резервни делови.

По основ на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усагласеност за 2020 година за сметката на **основен буџет (630)** сакаме само да Ве известеме за наодот број **4.1.1.** во кој констатирате дека нема извршено усогласдување на буџетот за 2020 година на остварените приходи и расходи со планираните со ребаланс на Буџетот ,кој наод го прифакаме мегутоа сакаме да Ве известеме дека ваквата состојба настана заради тоа што ни беа најавени прилив на средства од Агенцијата за финансиска подршка на земјоделство и рурален развој на износ 7.410.662 ден.но беа легнати на сметка дури на 28.12.2020 година кога веке трезорот престана да работи и неможевме да го реализираме плакањето.
Инаку сите други наоди и препораки кои се изнесени во Вашите Нацрт извештаи ги прифакаме и ке превземеме активности за исполнување на препораките.

Со почит,

Изработил:
*Билјана Ефтимова*

*Општина Пробиштип*
*Градоначалник*
*Драган Анастасов*

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 45 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2002) и членот 1 од Законот за изменување и дополнување на законот за плата и другите надоместоци на избраните и именуваните лица во Република Македонија ( Службен Весник на РМ бр.42/2010), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2010 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## *за определување на надоместокот на членовите на Советот на општина Пробиштип за присуство на седници*
## *(Пречистен текст)*

### Член 1

На членовите на советот на Советот, на општина Пробиштип им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.

Средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 од овој член се обезбедуваат од Буџетот на општината.

### Член 2

Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот се утврдува во висина од 50% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена во претходната година.

Во утврдениот износ од претходниот став е пресметан и надоместокот за присуство на седниците на Комисиите при Советот на општината.

Во утврдениот надоместок не е пресметан персонален данок кој ќе падне на товар на општината.

### Член 3

На претседателот на Советот за раководење и организирање на работата на Советот, надоместокот од член 2 од оваа Одлука се зголемува за 30%.

### Член 4

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седницата на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува, доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

Месечниот надоместок се намалува по 10% за секое неоправдано отсуство од седница на Комисија.

Член 5

На членовите на Советот им се исплатуваат надоместоци за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

Член 6

Одлуката стапува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува со исплата на надоместок за месец април.

*Број 07-489/ 4*
*30.04.2010 година*
*ПРОБИШТИП*

*СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП*
*ПРЕТСЕДАТЕЛ*
*Ранко Давитков*

ЕВИДЕНТЕН ЛИСТ
ЗА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП БР.34/2020

Одржана на ден 16.03.2020 година со почеток во 15.00 часот

| Реден број | Име и презиме на членот на Советот на општина Пробиштип | Потпис на почеток на седница | Потпис на крај на седница |
|---|---|---|---|
| 1. | Љупчо Благоевски | | |
| 2. | Ристе Атанасов | | |
| 3. | Светлана Станојковска | | |
| 4. | Тони Стојановски | | |
| 5. | Оливер Андовски | | |
| 6. | Сандра Мијалковска | | |
| 7. | Симона Јованова | | |
| 8. | Влатко Јордановски | | |
| 9. | Дарко Герасимовски | | |
| 10. | Билјана Миленковска | | |
| 11. | Горан Пановски | | |
| 12. | Ана Јаневска | | |
| 13. | Лидија Аксентиева | оправдано | |
| 14. | Сашо Андовски | | |
| 15. | Давор Тоневски | | |

Евиденцијата ја водел:

____________________

# Аконтативна пресметка

**Податоци за подносител**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Датум на поднесување | 19.06.2020 | Број на пресметка | 190620670276 |
| ЕДБ/ЕМБГ | 4022005104678 | Име/Презиме | ОПШТИНА ПРОБИШТИП |
| Контакт име | ОПШТИНА ПРОБИШТИП | Контакт | draganjovcevski@yahoo.com |
| Од датум | 19.06.2020 | До датум | 19.06.2020 |
| Датум на плаќање(последен датум на плаќање) | | | |

**Обврзници - податоци за исплатите**

| ЕМБГ | Име и Презиме | Трансакциска сметка | Вид приход | Подвид приход | Бруто/Остварен приход | Одбитоци | ПДД | Нето приход | Аванс | ДДВ износ | Начин на исплата | Забелешка на исплатувачот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0503965499018 | ЛИДИЈА АКСЕНТИЕВА | 200003239512969 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 12.863,00 | 0,00 | 1.286,00 | 11.577,00 | | | Транскациска см | |
| 2601970494015 | ЛУПЧО БЛАГОЕВСКИ | 200001410514337 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 18.581,00 | 0,00 | 1.858,00 | 16.723,00 | | | Транскациска см. | |
| 2008983490032 | РИСТЕ АТАНАСОВ | 210501697815978 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Транскациска см. | |
| 1212969439027 | СВЕТЛАНА СТАНОЈКОВСКА | 200002615116985 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Транскациска см | |
| 2301961494009 | ТОНИ СТОЈАНОВСКИ | 270700039637447 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Транскациска см. | |
| 1408990490026 | ОЛИВЕР АНДОВСКИ | 200001983350068 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 12.863,00 | 0,00 | 1.286,00 | 11.577,00 | | | Транскациска см. | |
| 0406988495014 | САНДРА МИЈАЛКОВСКА | 320500023388330 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Транскациска см. | |
| 1712982495001 | СИМОНА ЈОВАНОВА | 320500026272722 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Транскациска см. | |
| 0505979494003 | ВЛАТКО ЈОРДАНОВСКИ | 210501621733931 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Транскациска см. | |
| 3108985494009 | ДАРКО ГЕРАСИМОВСКИ | 200001915005905 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Транскациска см. | |
| 2402984499009 | БИЉАНА МИЛЕНКОВСКА | 200002228831266 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Транскациска см. | |
| 1002975494000 | ГОРАН ПАНОВСКИ | 200001476043657 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Транскациска см. | |
| 0509991455086 | АНА ЈАНЕВСКА | 320500025827880 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Транскациска см. | |
| 0911982490009 | ДАВОР ТОНЕВСКИ | 200001807506528 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 12.863,00 | 0,00 | 1.286,00 | 11.577,00 | | | Транскациска см. | |
| 0412980494000 | САШО АНДОВСКИ | 210501624721240 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Транскациска см. | |

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 28.04.2022 година добиени се забелешки на Нацрт извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Пробиштип број 08-471/2 од 21.04.2022 година, од раководното лице Драган Анастасов–градоначалник на Општина Пробиштип, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-839/6 од 28.04.2022 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Сметка на основен буџет (630)**

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.1.** која се однесува на неусогласеност на планираните и реализирани приходи и расходи со извршениот ребаланс на буџетот за 2020 година, претставува **известување** за причината поради која не е извршено усогласување на буџетот и воедно претставува потврда на утврдената состојба од страна на ревизијата.

**Сметка на основен буџет (637)**

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.3.** која се однесува на исплата на надоместок на советниците за присуство на седница на советот **делумно се прифаќа**, поради допрецизирање на формулацијата „месечниот надоместок се намалува за 10% за секое неоправдано отсуство на седница“. При тоа, останува состојбата дека ваквата одредба во Одлуката за определување на надоместокот на членовите на Советот на Општина Пробиштип за присуство на седници со број 07-489/4 од 30.04.2010 година, не е во согласност со Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на РСМ и другите избрани и именувани лица во Републиката, со кој се уредени надоместоците на членовите на советите на општините и предвидува месечниот надоместок за присуство на седниците на советот да се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот. Во однос на повеќе исплатениот надоместок за отсуство од седница се објаснуваат причините за таквото постапување, што воедно претставува потврда на утврдената состојба од страна на ревизијата.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.3.** која се однесува на воспоставената евиденција за примање и издавање на резервни делови за улично осветлување од магацин, претставува **известување** за причините кои довеле до отсуство на сметководствена евиденција на овие материјали, односно до состојбата која овластениот државен ревизор ја има утврдено во наведената точка.